РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен просветен инспекторат
Број: 09-10/4
30.09.2023 година
Дебар

| | |
|---|---|
| ООУ„Блаже Конески"- с. Скудриње | |
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| Датум на интегрална евалуација: | 3,4 и 5 мај2023 година |
| Број на извештај: | број 7/југозападен/2023 година |
| Раководител на инспекциски тим: | Џемо Демироски |
| Вид на училиштето: | основно училиште |
| Подрачниучилишта | 2 (две) |
| Основач на училиштето: | општина Маврово Ростуше |
| Наставен јазик: | македонскијазик |
| Број на ученици: | 144 |
| Полова структура на ученици: | 79 машки и 65 женски |
| Број на наставници: | 27 |
| Претседател на училишниот одбор: | Мирвет Мурати |
| Директор на училиштето: | Бешир Рамадани |
| Датум на претходна интегрална евалуација: | 29,30 и 31 јануари2018 година |
| Адреса на училиштето: | с.Скудриње-Маврово и Ростуше |
| Телефон: | 042/470-309 |
| Факс: | 042/470-309 |
| e-mail: | blazekoneskiskud@gmail.com |
| Оценка од интегрална евалуација | 3,14(добро) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РСМ" број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014;33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РСМ" број86/2006 година).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција од 3 до 5 мај 2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ „Блаже Конески"-с. Скудриње, Маврово Ростуше. Државните просветни инспектори во текот на три дневната посета, извршија посетананаставничасови, остваријакомуникација и средба сораководниоттимнаучилиштето, со стручната служба, со Училишниот одбор, Советот на родители, Училишната заедница, поединечни средби со ученици, родители, наставен и не наставен кадар. Инспекторите посетија 20 наставни часови во централното и подрачните училишта. ООУ „Блаже Конески"- од с. Скудриње е општинско основно училиште со две подрачни училишта во село Присојница и село Аџиевци. Наставата се изведува на македонски наставен јазик. Во учебната 2022/2023 година се реализираат наставни планови и програми преку изготвување на глобални, тематски, тематско-процесни и дневни оперативни планирања за час за задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава, програми за слободни ученички активности и ученички екскурзии, наставните планови и програми изработени од БРО и одобрени од МОН, кои во училиштето се имплементираат со однапред утврдена динамика.Наставниците од прво,второ,четврто и петто одделение во одделенска настава изработуваат планирања согласно новата концепција за основно образование.

Наставниците имаат план за ЕКО, МИО и план за примена на информатичка технологија во наставата. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности:екскурзии, секциии слично, што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Учениците од ова училиште редовно учествуваат на училишни,општински,регионални и државни натпревари натпревари.Училиштето во последниве три учебни години има постигнато значителни резултати и тоа:

- За учебна 2019/2020 година: општински натпревари: математика прво место, географија прво место,физичко прво место, англиски јазик прво место. Регионално ниво: математика шесто место,италијански јазик трето место,музичко образование прво место, географија прво место, англиски јазик второ место. Државно ниво: музичко прво место, географија осумнаесетто место.
- Учебна 2020/2021 година: општинско ниво: математика прво место, географија прво место, физичко прво место, англиски јазик прво место. Регионално ниво: музичко прво место, геграфија прво место, физичко прво место, англиски јазик прво место. Државно ниво: италијански јазик трето место, географија осумнаесетто место,
- Учебна 2021/2022 година: општинско ниво: математика прво место, италијански јазик второ место, геграфија прво место, физичко прво место, англиски јазик прво место. Регионално ниво: математика второ место, музичко прво место, географија прво место, англиски јазик трето место и географија на државно ниво осумнаесетто место.

Училиштето има добиено благодарници од Здружение на професори по географија за учество на државни натпревари по Географија-2021 година, од Здружение на професори по италијански јазик за учество на натпревари за 2019 и 2020 година.Благодарница од Италија за учество на литературен натпревар и тоа за училиштето ООУ „Блаже Конески" иза учениците учесници: Шеила Рамадани, Семина Алију и Уснија Јонузоска како и наставничката по италијански јазик Билјана Дејаноска.

Во училиштето се реализираат содржиниза Меѓуетничка интеграција во образованието преку програмата „Образование за животни вештини" на одделенските часови иинтегрирани содржини во наствните содржини по други предмети во самото училиште. Училиштето има партнер училиште, тоа е ООУ „Неџати Зекерија" од с.Коџаџик-Центар Жупа со настава на турски јазик. Училиштето има формирано Инклузивен тим со Одлука број 02-246/1од 22.09.2022 година, и истиот има изработено Програма за идентификација на ученици со посебни образовни потреби и образовни потешкотии. Стручната служба на училиштето заедно со наставниците ги идентификува овие ученици, го следат нивниот психофизички и интелектуален развој и настојуваат со различни средства позитивно да влијаат на когнитивниот, афективниот и социјален развој. Во училиштето има три ученика со ПОП со наод и мислење, иако е побарано за нив не епримен образовен асистент.

Училиштето има регистрирано спортски клуб-Костен,формиран со одлука број 01-2/1 од 2015 година. Училиштето има нецелосна стручна служба и тоа само педагог и библиотекар. Стручниот соработник-педагогот им помага на наставниците во организација на наставата, следење нанапредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помошна учениците.Педагогот во својата Програма за работа планира и спроведува разни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворен за соработка. Еднаш до два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од педагогот, заради задржување на континуитетот и квалитетот на истите.Секој наставник што изведува настава задолжително изготвува соодветни планирања во електронска форма а кај стручната служба сите имаат доставено во печатена форма, усогласени со дадените наставни планови и програми на БРО, односно наставниците кои предаваат во прво,второ, четврто и петто одделение изготвуваат планирања според насоките за новата концепција во основното образование.Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава. Учењето во училницата и во одделенска настава и во предметна настава во голем дел е активно, динамично и има работна атмосфера.

Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на учениците и преземаат конкретни активности за исполнување на потребите/или отстранување на пречките.Во текот на целата година училиштето редовно реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области.Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците и има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. За таа цел наставниците редовно прибираат информации за постигањето на учениците и даваат транспарентна повратна информација за оценката на учениците. Наставниците при оценувањето на учениците користат формативно и сумативно оценување со употреба на различни алатки за оценување, усна проверка, писмени вежби, тематски тестови, бодовни листи, чек листи, наставни листови, чек листи за самопроверка и друго.Оценувањето се одвива континуирано во текот на целата учебна година, со анализи на состојбите во трите образовни периоди.Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите. Родителите добиваат пишани извештаи најмалку два пати во едно полугодие, евидентни листови за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и свидетелство за крај на наставната-учебната година. Со воведувањето на е-дневник родителите имаат можност за постојан увид во успехот и редовноста на нивните деца.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училиштето и училишната згради. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Училиштето има План за евакуација,заштита и спасување за вондредни ситуации со број 01-248/1 од 16.11.2021 година.Во неа се составени неколку тимови: Тим за прва помош во кој сите пет членови имаат сертификат,Тим за противпожарна заштита,Тим за евакуација и комуникација и Тим за спасување од урнатини.Согласно донесениот план за Евакуација,заштита и спасување за вондредни ситуации,училиштето два пати во учебна година прави вежби-симулации.Во училиштето се забранува секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците. Учениците и возрасните во училиштето се запознаени со сите облици на однесување кои сесметаат за физичко и психичконасилствопрекуодржувањенаедукативниработилници, прирачници и брошури, како и преку презентација на Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Училиштето има Кодекс за безбедно училиште кој е истакнат на видно јавно место достапно на ученици, родители и наставници. Училиштето континуирано води грижа за одржување на хигиената во училиштето.Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и дезинфицирани. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена.Извршена е дезинфекција,дезинсекција и дератизација од овластена фирма со број 0302/38-014 на ден 29.08.2022 година. Училиштето поседува 11 противпожарни апарати кои се сервисирани ан 23.02.2023 година. Учениците од прво, трето, петто и седмо одделение еднаш годишно посетуваат систематски и стоматолошки преглед и ги примаат сите редовни вакцини. Сите вработени во училиштето вршат редовни систематски прегледи на секој две години,согласно закон. Последен систематски преглед на вработените во училиштето е извршен на 24.11.2921година од ПЗУ „Поликлиника Гуги Блу" од Гостивар со број 0621.Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорена процедура за заштита од нејзино ширење. Училиштето има и реализира Програма за грижа за здравјето на учениците.

Училиштето организира активности и има План и програма за професионална ориентација на учениците. Се спроведува анкета за избор на идно занимање, а учениците добиваат информации за понатамошно образование преку промотивни материјали на воспитно-образовни институции од Гостивар. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Со сите активности што ги планира и презема училиштето, угледот/имиџот што го има може да се каже дека е подобрен. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот и истовремено постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот кадар, стручната служба и поголем дел од наставниот кадар играат важна улога во одржување на добра работна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Училиштето навреме и на правилен начин се справува со наставниците и вработените кои се однесуваат несоодветно. Училиштето става акцент на постигањата на сите ученици. Учениците имаат можности, согласно своите способности и интереси, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и вонн наставните активности. Вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, социјалното потекло и способностите и за време на активностите на часот и надвор од часовите.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.Постои добра комуникација меѓу наставниците и родителите. Родителите се слободни за некој проблем да се обратат до

стручната служба во училиштето.Училиштето има определено приемен ден во неделата, тоа е петок.Низ демократска процедура се врши избор на претставниците на родители во Училишниот одбор. Одлуките донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и достапни. Добра пракса на соработка бележи со родителите,особено иселениците и диаспората од овој крај,кој секогааш со задовлство донираат нагледни средства.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Работата научилиштето се одвива во едно централно училиште во една зграда и две подрачни училиште во с. Присојница и с. Аџиевци. Во централното училиште вкупниот училишен простор изнесува 1120 метри квадратни. Зградата во централното училиште располага со следниот училишен простор: 11 училници, 1 кабинет, 4 помошни простории,2 санитарни јазли од кои 1 за наставници и 1 ученици-машки и женски. Нема спортска сала,туку само спортско игралиште. Во подрачното училиштево с. Присојница има две училници една канцеларија и една помошна просторија. Во с.Аџиевци има 1 училница,1 канцеларија,1 тоалет надворешен и подрум за дрва, се вложува напор и во ова училиште да се надоградат и надополнат условите за работа. Училиштето има разновидна стручна литература. Наставните средства и помагала задоволуваат. Оваа година согласно Годишната програма за работа на училиштето и добрата соработка со локалната самоуправа набавени се нови 27 парчиња нагледни средтства со број 08-162/1 по предметот биологија.

Кабинетот по биологија е опремен со нагледни средства за биологија, во него се сместени и нагледните средства по хемија и физика. Има и една училница (кабинет) која е делумно опремена со нагледни средства за музичко образование. Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, но нема кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби-дефектолог и образовен асистент.Иако во училиштето се детектирани 3 деца со ПОП и за нив е побарано образовен асистент, досега не е примен таков кадар.Во училиштето вработени се вкупно 33 лица од кои 27наставници, 2 стручни соработници (1педагог и 1 библиотекар), 1 административен работник, 4 помошно – технички работници,1 директор.

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку спроведување анкетен прашалник и обезбедува финансиска поддршка согласноидентификуваните потреби. Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се остварува индивидуално и групно преку разни семинари, советувања, консултации, предавања, работилници, самообразование и преку други форми.Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и истиот е насочен за подобрување на наставата и учењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите и начинот на работа на Училишниот одбор се јасно дефинирани во Деловникот за работа. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со Деловникот за работа. Училишниот одбор секогаш работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и други органи во училиштето. Активно учествува во креирањето на училишната политика, ја дефинира визијата и стратегијата на училиштето, ја надгледува реализацијата, промовира развој и одржува отворен контакт помеѓу училиштето и интересите на заедницата.

Раководниот орган добро раководи со училиштето и во раководењето има поддршка од најголемиот број на субјекти во него. Објективно ги оценува квалитетите на вработените, фокусирајќи се на нивниот придонес во тимската работа која е одлика на раководењето на органот. Успешно раководи со училиштето, иницира и донесува одговорни одлуки во полза на современиот образовен систем. Целосно е посветен на јасно поставени приоритети во развојниот план преку ефективна и конкретна Самоевалуција, а како цел на своето работење им дава приоритет на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес во училиштето. Има воспоставено добра соработка со непосредната и пошироката заедница.Таа соработка резултира со изградба на спортско игралиште,оградено и безбедно училиште,нови прозори, фотовлтаични панели за електрична енергија,финансирани од владата на РСМ.

Целите поставени во Програмата за развој на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставниот процес и постигнувањата на учениците. Вработените, родителите и учениците земаат учество во креирањето на развојните политики на училиштето. Училиштето се труди да ги фклучи сите субјекти во креирањето и остварувањето на мисијата и визијата на училиштето. Училиштето настојува постојано да го подобрува квалитетот на политиките насочени кон унапредување на квалитетот на работењето на училиштето, вклучувањето на учениците со посебни образовни потреби во сите активности во училиштето, меѓуетничата интеграција во образованието и граѓански активизам.

Од целокупната евиденција и документациј ако ја беше приложена и разгледа на за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тим од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Блаже Конески" од с. Скудриње, Маврово Ростуше – е добра (3,14)[1]

Самоевалуација: број 01-213/1,од 30.09.2021година
Развојна програма:број01-125/1 од 29.06.2022 година.
Годишна програма: број 01-160/1 од 11.07.2022 година, Одлука од Советот на општината за усвојување на Годишната програма од училиштето со број 08-296/7.
Годишен извештај: број 01-127/1
Инклузивен тим на училиштето: број 02-246/1 од 22.09.2022 година.
Тим за меѓуетничка интеграција: број 02-252/1 од 11.06.2021 година.
Партнер училиште: ООУ „Неџати Зекерија" с.Коџаџик
Формиран е Училишен спортски клуб „Костен", со број 01-2/1 од 07.04.2015 година
Училишните објекти се осигурани како и вработените и учениците.
Ученичката заедница /ученичкиот парламент брои 12члена, претседател е Шеила Рамадани. Ученичкиот парламент претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата во училиштето. Преку оваа заедница учениците имаат можност да учествуваат во креирањето и негувањенадругарскиодноси и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето. Претседателот учествува во работата на Училишниот одбор на училиштето. Во училиштето има дете правобранител, претседател е Шеила Рамадани.

---

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

## Карактеристики на училиштето

ООУ „Блаже Конески" –од с.Скудриње,Маврово Ростуше е општинско деветгодишно основноучилиште. Наставатасеизведуванамакедонски наставен јазикводвесмени во централното училиште во с. Скудриње,а во подрачноте училишта во с. Присојница и с. Аџиевци наставата се изведува во една смена на македонски наставен јазик.

Во учебната 2022/2023 година на става посетуваат вкупно 144 ученици, организирани во 18 паралелки.

Во училиштето вработени се 33 лица. Наставата ја реализираат 27 наставници еден педагог и еден библиотекар. Дејноста на училиштето е верифицирана со решение број 1465/6 од 29.05.1996 година, издадено од страна на Министерството за образование и наука - Скопје.

Училиштето е конституирано со Одлука за издвојување од ЦОУ „Ѓорѓи Пулески"-с. Ростуше преку Окружен стопански суд- Скопје со рег.бр. 2685/96 од 1996 година.

Училиштето е запишано во централниот регистар на РСМ под деловоден број 31120170000696 од 21.11.2017 година,како централно училиште со две подрачни училишта во с.Присојница и с.Аџиевци. Од административно-технички персонал во училиштето работат 4 лица.

Воспитно-образовната дејност се остварува преку предвидените наставни планови и програми за деветгодишно основно образование, учениците од прво,второ,четврто и петто одделение наставата ја следат согласно новата концепција за основно образование.

Училиштето има добрасоработкасолокалната и деловнатазаедница, соинституции, здруженијанаграѓани, невладиниорганизации и иселениците од овој крај.

Од таа соработка произлегоа неколку градби: оградено е училиштето,уреден е спортскиот полигон,направени се фотоволтаични панели за производство на електрична енергија, набавени се нагледни средства по природните предмети,табли,телевизори во секоја училницаидр. Од иселениците набавени се два професионални фотокопира.

Училишната зграда во с.Скудриње како и подрашните училишта во с.Присојница и с.Аџиевци се стари но со тврда градба,значи се во добра состојба и добро се одржува. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активностии се труди да ги задоволи потребите на учениците и наставниот кадар.

Објектот во централното училиште е со површина од 1120 метри квадратни, училишен двор 650 квадратни метри и 200 метри спортски терен и игралиште.Училиштето поседува 11 училници,1 кабинет,1 библиотека и 4 помошни простории.Дворпт е ограден,безбеден и хотикултурно уреден со доволно поставени корпи за отпад.Во с.Присоница иам 2 училници,1 канцеларија,санитарен чвор и една остава за дрва.Во с.Аџиевци има 1 училница,1 канцелартија,подрум за дрва и санитарен чвор надвор во кругот на училиштето,и во двете уподрачни училишта дворовите се делумно оградени и делумно хотикултурно уредени.

Училишните простории во централното училиште во с. Скудриње се затоплуваат со парно на дрва а во ПУ с.Присојница и ПУ с.Аџиевци затоплувањето е со дрва на ѓумбиња. Објектите се осигурани, во училиштето има видео надзор и поставени се фотоволтаици.

Во централното училиште има кабинет по биологија и библиотека која располага со вкупно 4349, 1098 книги лектирни изданија, 980 книги стручна литература, по жанрови 881

книга, по наставен јазик 1186, 3251 број на книги. Целокупниот книжен фонд е добро подреден. Училиштето по сите предмети има обезбедено и се користат нагледни средства, согласно нормативот за основно образование како и наставни средства изготвени од страна на наставниците. Добиени се современи нагледни средства по природни науки и истите ќе се распределени по предмети: физика, хемија, биологија и математика.

Располага со аудио-визуелна, компјутерска опрема и друг вид наставни средства.Поседува 45 монитори, 20 компјутери, 62 мали лаптопи и 7 фотокопири и принтери, 6 телевизори и наставно техничка опрема за изведување на наставата. Потребно е обновување на компјутерската технологија. Инвентарот е прилично нов и одржан и е во функција за нормално изведување на наставата. Подрачните училишта исто така се опремени со материјално-технички средства.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

ООУ„Блаже Конески"од с.Скудриње е општинско деветгодишно основно училиште со две подрачни училишта, во кое наставата се изведува на македонски наставен јазик.

Во учебната 2022/2023 година се реализираат наставни планови и програми преку изготвување на глобални, тематски, тематско-процесни и дневни оперативни планирања за час за задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава, програми за слободни ученички активности и ученички екскурзии, наставните планови и програми изработени од БРО и одобрени од МОН, кои во училиштето се имплементираат со однапред утврдена динамика.Раководниоттим и стручниот соработник гиодредуваатприоритетите, динамиката и начинитенареализацијананаставнитепланови и програми. Наставниците имаат план за ЕКО, МИО и план за примена на информатичка технологија во наставата. Училиштето има формирано инклузивен тим и истиот има изработено Програма за идентификација на ученици со посебни образовни потреби и образовни потешкотии. Стручната служба на училиштето ги идентификува овие ученици, го следат нивниот психофизички и интелектуален развој и настојуваат со различни средства позитивно да влијаат на когнитивниот, афективниот и социјален развој. Во училиштето се изработуваат ИОП за учениците со посебни образовни потреби со наод и мислење кои се вклучени во редовна настава, но поголемиот дел од наставниците не изработуваат посебни дневни планирања за овие ученици. Во училиштето има Програма за работа со талентирани ученици, и истата е на задоволително ниво. Наставниците од прво, второ, четврто и петто одделение во одделенска настава изработуваат планирања согласно новата концепција за основно образование, предметните наставници од природната група на предмети и одделенските наставници од трето одделение изработуваат планирања согласно кембриџ-програмата.

Родителите со наставните планови и програми и со активностите на училиштето планирани во Годишната програма за работа се запознаени. Училиштето ги информира родителите и учениците, како и сите други кои бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат прекуформалните органи на училиштето;формални/неформалнисредби и разговори сопредметните наставници/класните/одделенските раководители.

Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот планго вршат учениците во согласност со нивните родители. Изборот на наставни предмети за учениците од четврто до деветто одделение се врши од листа на предмети кои училиштето ги избира од листата во наставниот план почитувајќи ги насоките од БРО.

Во однос на интегрираните содржини од различни предмети од тимот на инспектори е констатирано дека наставниците во прво, второ, четврто и петто одделение кои работат по новата концепција за основно образование одржуваат часови со интегрирани содржини од различни предмети и области.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето преку формалните органи планира доволно активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставници и родители, од аспект на родова и социјална рамноправност.

Наставниците преземаат одговорност за реализација на меѓупредметните цели, како на пример: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на

различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество.

Училиштето не покренува иницијативи за изменување и дополнување на наставните планови и програми до МОН и до БРО.

### 1.3 Вонннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој.Активностите се реализираат во слободното време на учениците и врз основа на соодветни програми. Покрај тоа се вложуваат посебни напори да се создадат соодветни просторни, организациски и други услови за што поквалитетно изведување на овие активности.

Училиштето води политика на поттикнување на учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво и има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и на наставниците што го помогнале тоа. Во последните три учебни години учениците учествувале на училишни,општински, регионални и државни натпревари.

- За учебна 2019/2020 година: општински натпревари: математика прво место, географија прво место, физичко прво место, англиски јазик прво место. Регионално ниво: математика шесто место, италијански јазик трето место, музичко образование прво место, географија прво место, англиски јазик второ место. Државно ниво: музичко прво место, географија осумнаесетто место.
- Учебна 2020/2021 година: општинско ниво: математика прво место, географија прво место, физичко прво место, англиски јазик прво место. Регионално ниво: музичко прво место, геграфија прво место, физичко прво место, англиски јазик прво место. Државно ниво: италијански јазик трето место, географија осумнаесетто место,
- Учебна 2021/2022 година: општинско ниво: математика прво место, италијански јазик второ место, геграфија прво место, физичко прво место, англиски јазик прво место. Регионално ниво: математика второ место, музичко прво место, географија прво место, англиски јазик трето место и географија на државно ниво осумнаесетто место.

Ученичкиот парламент претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата во училиштето. Преку оваа заедница учениците имаат можност да учествуваат во креирањето на позитивна клима за развој и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето. Училиштето има регистрирано спортски клуб-Костен.

Поголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој без разлика на нивната полова и социјална припадност.Училиштето има формирано тим за МИО. Активностите за МИО се реализираат преку програмата „Образование за животни вештини" на одделенските часови и се интегрирани во разни наставни содржини. Училиштето има партнер училиште, тоа е „Нецати Зекерија" од с.Коџаџик со настава на турски јазик и реализира содржини и активности за МИО.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор, но немаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности. Препораката на наставникот е клучна во планирањето на содржината на работата.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол, по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди.

Во училиштето се прават споредбени анализи на постигањата на учениците во последните три учебни години.

Во текот на учебната година, податоците за постигањата на учениците уредно се внесени во дневниците на паралелките-е-Дневник, евидентните листови на учениците, полугодишните и годишните извештаи. Постигањата на учениците се разгледуваат на одделенските и наставнички совети и на ниво на активи, каде се предлагаат мерки за подобрување на состојбата.

Средниот успех на учениците на ниво на училиште во учебната 2019/2020 година изнесува: 3,14; во 2020/2021 година изнесува: 4,49, додека во учебната 2021/2022 година изнесува 4,30; се констатира благо зголемување на успехот во училиштето.За таа цел училиштето планира и презема конкретни активности за нивно континуирано подобрување.

Учениците од ова училиште редовно учествуваат на натпревари од училишно,општинско,регионално до државно ниво.

Педагогот во училиштето во рамките на својата Годишна програма за работа има планирано активности за поддршка на надарени ученици и за учениците што имаат потешкотии во учењето.

Во училиштето нема специјален едукатор – дефектолог и нема образовен асистент иако во училиштето има три деца со посебни образовни потреби.

Постигањата на учениците на секое тримесечие редовно се презентираат и се известуваат учениците и родителите.

Од страна на педагогот се врши анализа на истите и се врши советување на учениците и родителите за подобрување на успехот, редовноста и дисциплината а за учениците кои покажуваат подобри постигања се поттикнуваат да се вклучат во додатната настава и слободните ученички активности. Исто така педагогот во училиштето врши советување на учениците и родителите за подобрување на успехот, редовноста и дисциплината.

Во состав на Годишната програма за работа се планирани активности од проектот Мултиетничка интеграција во образованието внатре во училиштето. Реализирани се повеќе активности:одржани заеднички часови, отворен ден по граѓанско образование, заеднички креативни работилници,изработка на промотивни видеа за патрониот празник на училиштето и други позначајни датуми.Училиштето во последните три учебни години аплицирало и добило средства од локалната самоуправа за дополнување на нагледноста во училиштето.

Училиштето ги идентификува учениците кои имаат потешкотии во учењето, учениците со попреченост и надарените ученици и континуирано го следи нивниот напредок.

Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна и додатна настава. Преку реализација на дополнителна, додатна настава, слободни ученички активности и вонанаставните активности, учениците ги развиваат своите индивидуални способности.

Постигањата на учениците се добри.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Училиштетонема добиено информации и податоци од локалната самоуправа за учениците обврзници во прво одделение.Директорот на училиштето со педагогот е активно вклучен во прибирање на информации со цел навреме да се прифатат и запишат сите деца – обврзници со навршени 6 години во прво одделение во централното и двете подрачни училишта.

Оваа учебна година во прво одделение се запишале 13 ученици помалку во однос на минатата учебна година,што се должи на иселување на семејствата од овој крај во странство.

До родителите кои имаат деца за запишување во прво одделение, лично се доставуваат покани за запишување на нивните деца. Училиштето изработува брошура и преку својата веб страна се информираат родителите за работата на училиштето. Се истакнуваат соопштенија во училиштето за уписот на ученици во прво одделение.

Во училиштето континуирано се следи редовноста на учениците, се анализираат причините за отсуство од наставата и се превземаат мерки за подобрување на редовноста на учениците. Од податоците со кои располага училиштето за изостаноците на учениците во учебната 2019/20 година бројот на изостаноци изнесува 184 оправдани изостаноци и 50 неоправдани изостаноци; во учебната 2020/21 бројот на изостаноци изнесува 60 оправдани изостаноци и 20 неоправдани и во учебната 2021/22 бројот на изостаноци изнесува 628 оправдани изостаноци и 131 неоправдани.Училиштето постојано ја следи состојбата со редовноста на учениците во наставата по периоди. Одделенските раководители во соработка со педагогот на училиштето редовно имаат советодавни средби со родителите со цел нивно информирање иподобрување на редовноста на учениците.

Стручната служба-педагогот во училиштето ги спроведува советувањета на родителите, на учениците кои покажуваат намален успех во учењето, нередовно посетување на наставата или несоодветно однесување. Во учебната 2019/2020 година извршени се 30 советувања на родители на ученици, во учебната 2020/2021 година 15, а во 2021/2022 година 23 родители.

Во училиштето во последните три учебни години има осипување на ученици.Нивниот број во последниве три години е 45 ученици.Осипувањето е по барање на родителот, поради промена на местото на живеење а најчесто поради заминување во странство.

Во училиштето во последните три учебни години нема ученици кои се запишале од други училишта од општината како и од други училишта надвор од општината.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно во друго училиште.

## 2.3 Повторување на ученици

Во училиштето во претходните три учебни години нема ученици кои ја повториле годината.

Училиштето ги запознава учениците и родителите за правото за поднесување на жалба.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и педагогот во училиштето. Училиштето им дава поддршка на наставниците за да им помогне поефикасно да ги планираат часовите.Предметните наставници непосредно и континуирано го следат остварувањето на наставните планови по паралелки. Покрај тоа, два пати во полугодие се врши следење од страна на директорот и педагогот на училиштетозаради задржување на континуитетот и квалитетот на истите.Секој наставник што изведува настава задолжително изготвува планирања во електронска форма, усогласени со дадените наставни планови и програми на БРО, односно наставниците кои предаваат во прво, второ, четврто и петто одделение изготвуваат планирања согласно концепцијатаза основното образование, а предметните наставници од природната група на предмети и одделенските наставници од трето одделение изработуваат планирања согласно кембриџ-програмата. Наставниците изработуваат годишни планирања за настава; планирања за постигањата на резултатите од учењето, оперативни планови, тематски план според насоките дадени од советниците или договорени на стручните активи, планови за дополнителна и додатна настава, планови за примена на ИКТ, за интегрирање на еко-содржини и активности на МИО.

Планирањата на наставниците содржат општи насоки што се очекува од учениците да научат, како и кога. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се утврдени во планирањетоно не од страна на сите наставници. За учениците со посебни образовни потреби кои се распоредени во редовната наставасе изготвуваат индивидуални наставни планови. Распоредот на часови го прави директорот со наставникот по информатика, според кадровските и просторните можности на училиштето, почитувајќи го најдобриот интерес на учениците и вработените.Распоредот на часовите е согласно наставните планови и програми.

## 3.2 Наставен процес

Користењето на разновидни наставни форми и методи од страна на наставниот кадар задоволува, кои во поголем дел соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Не сите наставници користат соодветни методи за да работат со учениците индивидуално, во мали групи или со целата паралелка. Употребата на ИКТ во наставата задоволува. Наставниците во најголем дел успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка. Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. На учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо. Дел од наставниците не доволно користат различни ресурси и приоди за учење и настава. Учењето во училницата во голем дел е активно, динамично и има работна атмосфера. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло. Училиштето располага со сите потребни инструменти за следење на наставниот процес, како на пример: инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката, на комуникацијата на наставникот со учениците и на работата на наставникот за оценување на напредокот на учениците. Поради прогласената пандемија предизвикана од COVID-19, во периодот од средината на март до 10 јуни 2020 година, согласно протоколите на МОН, наставниот процес се следел по електронски пат преку алатките: е-дневник, e-mail, facebook/ messenger, viber,

zoom и други алатки кои им биле на располагање, согласно нивните можности и нивната креативност, а во учебната 2020/2021 година согласно протоколите на МОН, наставниот процес во првиот период се следел со физичко присуство, а за учениците од вториот и третиот период се следел по електронски пат.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Сите учениците ги доживуваат училниците, кабинетите и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницатаи училишниот хол.Притоа се внимава на видливоста и пристапноста на местото каде се изложени, на целта на изложувањето и на естетиката. Трудовите на учениците редовно се менуваат согласно со целите на наставата и учењетсо мали исклучоци.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на учениците и преземаат конкретни активности за исполнување на потребите/или отстранување на пречките. Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одреден предмет, активноста на часовите, интересот на одредени ученици во одредени области и слично. Во текот на целата година училиштето редовно реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области, се вршат консултации во врска со наставниот процес, разговори за нивните амбиции, индивидуални разговори за разни теми, разговори за проблеми од лична природа и слично.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците и има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. За таа цел наставниците редовно прибираат информации за постигањето на учениците и даваат транспарентна повратна информација за оценката на учениците. Наставниците при оценувањето на учениците користат формативно и сумативно оценување со употреба на различни алатки за оценување, усна проверка, писмени вежби, тематски тестови, бодовни листи, чек листи, наставни листови, чек листи за самопроверка и друго. Оценувањето се одвива континуирано во текот на целата учебна година, со анализи на состојбите во трите образовни периоди.Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Тоа е објективно, транспарентно и индивидуализирано и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.

Наставниците ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите.

Родителите добиваат пишани извештаи најмалку два пати во едно полугодие, евидентни листови за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и свидетелство за крај на

наставната-учебната година. Со воведувањето на е-дневник родителите имаат можност за постојан увид во успехот и редовноста на нивните деца.

# 4 Поддршка на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училиштето поседува безбеден простор за изведување на воспитно образовниот процес.Инфраструктурата во училиштето е безбедна во централното и подрачните училиште во с.Присојница и с.Аџиевци, а учениците и вработените се чуствуваат безбедни.

Училиштето има План за евакуација,заштита и спасување за вондредни ситуации со број 01-248/1 од 16.11.2021 година.Во неа се составени неколку тимови: Тим за прва помош во кој сите 5 членови имаат сертификат,Тим за противпожарна заштита,Тим за евакуација и комуникација и Тим за спасување од урнатини. Согласно донесениот План за евакуација,заштита и спасување за вондредни ситуации,училиштето два пати во учебна година прави вежби-симулации.Училиштето поседува 11 против пожарни апарати кои се сервисирани на ден 23.02.2023 година.Во училиштето нема појави на употреба на никотин, алкохол или наркотични средства.

Учениците се снабдуваат со храна од дома и од непосредните продавници на училиштето.

Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозени семејства,преку повеќе активности. Во изминатите три учебни години спроведени се повеќе хуманитарини акции, особено од иселениците од овој крај преку: донирање на облека, храна, новогодишни пакетчиња, училишен прибор и ученички ранчиња.За време на пандемијата имаше донирање на: таблети и интернет картички за следење на онлајн наставата.

Училиштето поседува Куќен ред и Кодекс на однесување за учениците, наставниците и родителите во чија што изработка учествувале и учениците и се истакнати на видни места.

Училиштето во учебната 2021/2022 и учебната 2022/2023 година има изработено: Куќен ред, Кодекси за однесување на ученици, родители и вработени.

Дисциплината на учениците за време на часовите и одморите е добра. При нарушување на дисциплината се применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Во училиштето има демократски формирана Ученичка заедница/ученички парламент,кој го сочинуваат Собрание и Совет.Собранието брои 12 члена по 2 преставника од секое одделение, со свое претседателство, кој придонесува во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки за работи што се од нивни интерес.

Во училиштето функционира Дете правобранител. Претседателот на Ученичкиот парламент учествува во работата на Училишниот одбор. Ученичкиот парламент има своја Програма за работа и со помош на педагогот на училиштето се реализираат работилници и дебати.

Учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во донесување на одлуки.

## 4.2 Здравје

Во сите три училишни згради хигиената е добра тоалетите се добри. Хигиената во другите простории во училиштето е добра.

Училиштето прави напори за правилно одржување на личната хигиена кај учениците и вработените.Во тоалетите има обезбедено доволно сапун за учениците. Во училиштето има поставено корпи за отпадоци. Во училишниот двор има доволно корпи за отпадоци и клупи за одмор на учениците.

Училиштето имаизградено пристап но истиот не е доволно уреден за децата со телесен инвалидитет и ПОП.

Континуирано се врши систематски преглед на учениците,а за вработените на секои две години согласно закон.Учениците редовно ги примаат потребните вакцини.

Извршен е систематски преглед на вработените од ПЗУ Поликлиника „Гуги Блу" од Гостивар со број 0621.

Извршена е дезинфекција,дезинсекција и дератизација на училиштето од овластена фирма со број 0302/38-014 на ден 29.08.2022 година

Наставниците и стручната служба одржале предавања на тема „Здравје", „Хигиена и хигиенски навики", „Заштита од заразни болести", „Се смееме на ист јазик" и други.

Во Програмата за работа на педагогот планирани се активности за идентификување и работа со родители и ученици со емоционални потешкотии. Училиштето приложи документација од која што можеше да се констатира дека училиштето дава подршка и работи со ученици со емоционални и други потешкотии.

## 4.3 Советодавна помош на за понатамошно образование на учениците

Стручната служба-педагогот придонесува за советодавната работа, следење на напредокот на учениците на кои им е потребна помош, разговор со родители, следење на наставниот процес и друга стручна помош.

Училиштето има соработка со средните училишта од општината и Гостивар, кои со помош на презентации и излагања ги запознаваат учениците со насоките и образовните профили и можноста за натамошно образование. Училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците.Секоја година за учениците од деветто одделение се спроведува анкета за идно занимање.

Училиштето соработува со здравствените установи во селото и општината, Црвениот крст, Биро за развој на образование и Министерство за образование и наука

## 4.4 Следење на напредокот

Училиштето изготвува Извештај за напредокот на учениците по паралелки и Годишен извештај со заклучни согледувања и се следи иандивидуалниот напредок на учениците.Инклузивниот тим врши следење на индивидуалниот напредок на учениците со посебни образовни потреби кои се инклузирани во редовното образование.

Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на учениците по паралелки и на ниво на училиште.Постои добра соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните и предметните наставници, како и родителите за следење на напредокот на учениците.

Континуирано се следи и вреднува напредокот на постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Со сите активности што ги планира и презема училиштето, угледот/имиџот што го има може да се каже дека е подобрен. Од извршените анкети дел од наставниците, учениците и родителите сметаат дека имиџот што го има пред се во локалната заедница, е на потребното ниво.

Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Училиштето има договорени процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во пракса.

Односите во училиштето се уредуваат нормативно и со следните правилници и акти: „Куќен ред", „Правилник за видовите пофалби, награди и педагошки мерки", „Етички кодекс за оценување" и „Етички кодекс за безбедно училиште". Во нивната изработка учествувале претставници на структурите на училиштето, а ги усвоил Училишниот одбор. Училиштето води политика на доследно почитување на Кодексот на однесување од наставниот кадар и од учениците.

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот и истовремено постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и поголем дел од наставниот кадар играат важна улога во одржување на релативно добра работна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Училиштето навреме и на правилен начин се справува со наставниците и вработените кои се однесуваат несоодветно. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите.

Учениците без оглед на способностите, родот, етничкатаприпадност, верата и потеклото се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

На крајот од учебната 2019/2020 година 196 ученици се со примерно поведение. Во учебната 2020/2021 година сите 174 ученици се со примерно поведение, во учебната 2021/2022 година 147 ученици се со примерно поведение,нема ученици со незадоволително поведение. Дисциплината на учениците главно задоволува. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште.

Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Во текот на учебната 2020/2021 година е изречена усмена опомена за еден ученик од класен раководител за направени 15 изостаноци, во учебната 2021/2022 година повторно е изречена усмена опомена за истиот ученик од класен раководител за направени 15 изостаноци, а во текот на оваа учебна година не се изречени педагошки мерки. Со сите активности што ги планира и реализира училиштето, постои тренд на подобрување на поведението и дисциплината на учениците во последните 3 години.

Учениците се навремено и целосно информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

Во училиштето е формиран Ученички парламент кој има изготвено Програма за работа со помош на одговорниот наставник и стручната служба. Преку Ученичкиот парламент учениците учествуваат во решавањето проблеми и донесуваат одлуки што се од нивно значење. Претседателот на Ученичкиот парламент учествува во работата на Училишниот одбор. Постои и самоиницијативно разгледување на некои поважни прашања врзани за училишниот живот со давање предлози и идеи за реализирање на некои значајни активности.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето става акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар ја организира средината за учење со поставување на јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање.

Учениците имаат можности, согласно своите способности и интереси, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и воннаставните активности. Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Натпреварите на кои учествуваат учениците ја збогатуваат традицијата што ја има училиштето во однос на постигнатите успеси кои се гордост и за самата институција, но и за самите ученици.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Покрај сите активности што ги планира и реализира, училиштето презема активности за да ги запознае родителите со правата на децата.

Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и за време на активностите на часот и надвор од часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи. Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со дискриминација на глобално ниво, но и во училиштето.

Доколку учениците забележат каква било форма на злоупотреба на туѓите или на личните права, можат во секое време да се обратат кај соодветната служба во училиштето, одделенскиот наставник, било кој наставник и раководниот орган. Училиштето води политика

на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група и припаѓаат.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето има стратегија и реализира бројни активности за поттикнување на родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа, но нема организирано конкретна обука за родителите.

Училиштето користи бројни ефективни методи за комуникација со родителите преку: родителски средби (општи и на ниво на паралелката); состаноци со родители по групи; индивидуални родителски средби; писмено или усно (телефонски/интернет), соработка на релација стручна служба-семејство и советување на родителите. Во училиштето има приемен ден –секој петок е отворен ден со родителите.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето редовно и навремено ги известува за напредокот на нивното дете. Постои добра комуникација меѓу наставниците и родителите. Родителите се слободни за некој проблем да се обратат до стручната служба во училиштето. Низ демократска процедура се врши избор на претставниците на родители во Училишниот одбор. Одлуките донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и достапни.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор. Интензитетот на соработка со невладиниот сектор со кој се создава добра комуникација и се гради солидна основа за конструктивност врз цврстата и нераскинлива врска која што секако започнува од образованието е во постојан раст. Училиштето има добра соработка со месното население и деловната заедница, организира активности за да ја одржи и поттикне соработката.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Работата на училиштето се одвива во едно централно училиште и две подрачни училишта во с.Присојница и с.Аџиевци. Воспитно образовната работа во ООУ „Блаже Конески "- с.Скудриње, Маврово и Ростуше се реализира во две смени. Дејноста на училиштето е верифицирана со Решениеброј 10- 1465/6од 29.05.1996 година, издадено од страна на Министерството за образование и наука - Скопје.

Училиштето е конституирано со Одлука за издвојување од ЦОУ„Ѓорѓи Пулески" с.Ростуше преку Окружен стопански суд- Скопје со рег.бр. 2685/96.

Училиштето е запишано во централниот регистар на РСМ под деловоден број 31120170000696 од 21.11.2017 година.

Училишната зграда се одржува и е во добар ред. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активностии се труди да ги задоволи потребите на учениците и наставниот кадар. Централното училиште поседува 11 противпожарни апарати кои се сервисирани на 23.02.2023 година, има План за евакуација при елементарни непогоди - Оперативен план зав. 01-248/1 од 16.11.2021година и претежно се изведуваат по 2 симулации во полугодие за пожар и земјотрес.За прва помош и заштита се обучени 5 наставници. Училишните простории во централното училиште во с.Скудриње се затоплуваат со парно на дрва а во ПУ с.Присојница и ПУ с.Аџиевци затоплувањето е со дрва. Објектите се осигурани, во училиштето има видео надзор и поставени се фотоволтаици.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со недоволен број разновидна стручна литература. Наставните средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети во континуитет се надоградуваат и зголемуваат. Во континуитет ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудио-визуелна и ИКТ опрема и постојано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови. Училиштето по сите предмети има обезбедено и се користат нагледни средства согласно нормативот за основно образование како и наставни средства изготвени од страна на наставниците. Добриени се современи нагледни средства по природни науки и истите ќе се распределат по предмети: физика, хемија, биологија и математика.

Располага со аудио-визуелна, компјутерска опрема и друг вид наставни средства.Поседува 45 монитори, 20 компјутери, 62 мали лаптопи и 7 фотокопири и принтери, 6 телевизори и наставно техничка опрема за изведување на наставата. Потребно е обновување на компјутерската технологија. Инвентарот е прилично нов и одржан и е во функција за нормално изведување на наставата. Подрачните училишта исто така во целост се опремени со материјално-технички средства. Во училишните згради во Скудриње и Присојница недостасува соодветно уредување на таваните, подовите и уредување на спортски терени во Присојница како и хортикултурно уредување во трите училишта. Училиштето има систем за следење на нивната употреба. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и

материјали им се на располагање и истите ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.

Училишната библиотека работи во просторни услови кои одговараат на потребите. Библиотеката е добро подредена, располага со компјутер и програма за библиотечно работење. Евиденцијата на библиотечниот фонд се врши електронски и со картици. Библиотеката е отворена и достапна за користење од страна на учениците.

Библиотека располага со вкупно 4349, 1098 книги лектирни изданија, 980 книги стручна литература, по жанрови 881 книга, по наставен јазик 1186, 3251 број на книги. Целокупниот книжен фонд е добро подреден. Бесплатните учебниците им се доделуваат на учениците согласно претходно изготвен Правилник од страна на МОН. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вонаставните активности, согласно планот на училиштето. Набавениот потрошен материјал ги задоволува потребите на училиштето.

### 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби-дефектолог. Во училиштето вработени се вкупно: 37 лица од кои: 1 директор, 27 наставници, 2 стручни соработници (библиотекар и педагог) еден административен работник-благајник-секретар, 4 помошно – технички работници, хаусмајстор и чувар.

Според степенот на образование вработените како наставници се: 22 лица со високо образование, 5 со друго образование од нив 7 се со несоодветно образование. Од вкупно 37 вработени во училиштето 14 се на неопределено и 13 на определено време.

Наставниот кадар е во согласност со нормативите и поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки. Квалификуван е и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Наставниците во поголем дел ефективно придонесуваат за работата на училиштето и во поголем дел успешно работат како тим во рамките на стручните активи.

Постојниот наставен кадар сериозно приоѓа кон работата, односно планирањето и изведувањето на наставата и вонаставните активности. При распределбата на кадарот предвид се земаат квалитетите, искуството и експертизата на наставниците, што во најголем дел придонесува за исполнување на целите на наставата. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

Училиштето има стручна служба составена од педагог и библиотекар. Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба во својата Програма за работа планира и спроведува разни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот.

Во последните три години спроведени се следните обуки на наставниот кадар:

- Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем,Наставни форми,методи и техники, МИО во македонскиот образовен систем,Учење по пат на асоцијации,Безбедност и здравје при работа,евакуација, заштита и спасување,Инклузија – инклузивно образование, Содржина на Годишното глобално планирање, Оценување – Формативно и суматување, Заштита и препознавање на новите пороци – телефони, слики, пораки, Заштита и препознавање на врсничко насилство, Нови наставни програми за IV одделение, Семинар – Географија, Превенција и борба против трговија со деца, Критичко размислување, решавање проблеми и кодирање., Училишта на 21 век, Третиот сериал на вебинари Едуино 2022, Примена на иновативни интегрирани пристапи во наставата, Методологија на наставата по Англиски јазик, ,Планирање на наставата по Македонски јазик за IV,V одделение
- Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост.
- Настава на забавен начин во дигитална ера.
- Основи на сајбер безбедност со МКД-ЦИРТ.
- Закажана е обука за: Примена на иновативни–интерактивни пристапи во наставата.

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку спроведување анкетен прашалник и обезбедува финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби. Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се остварува индивидуално и групно преку разни семинари, советувања, консултации, предавања, работилници, самообразование и преку други форми. Постои пракса на размена на искуства и преку следење на работата од колеги од стручниот актив.

Училиштето има и реализира План и програма за професионален развој на кадарот и има стратегија за десиминација на знаењето на кадарот. За новите вработени во училиштето се организира запознавање со нивните обврски како приправници, одредување ментор, неговата улога и значење, давање инструкции околу полагањето на приправничкиот испит и се она што ќе значи помош на наставниците-приправници.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства. Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите правила и прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства. Ги информира вработените за училишниот буџет и трошењето и ги консултира кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност. Буџетот се користи наменски и за цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.

# 7 Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Во училиштето орган на управување е Училишниот одбор. По својата структура тој е колегијален орган составен од 7 членови, од кои 3 претствници од редот на наставниот кадар и стручната служба, 3 претставници од редот на родителитеи 1 претставник од основачот. Во работата на Училишниот одбор учествува и претставник на Училишниот парламент без право на глас.Нема родова еднаквост во Училишниот одбор. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите и начинот на работа на Училишниот одбор се јасно дефинирани во Деловникот за работаброј 02-37/1 од 27.02.2023 година. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со Деловникот за работа. Училишниот одбор секогаш работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови. За својата работа и одлуките кои ги носи Училишниот одбор обезбедува редовни, сеопфатни и детални информации за другите субјекти вклучени во животот и работата на училиштето. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и други органи во училиштето. Во изминатиот период не е организирана обука за членовите на Училишниот одбор. Училишниот одбор учествува во креирањето на училишната политика, ја дефинира визијата и стратегијата на училиштето, ја надгледува реализацијата, промовира развој и одржува отворен контакт помеѓу училиштето и интересите на заедницата. Раководниот орган добро раководи со училиштето и во раководењето има поддршка од сите вработени. Објективно ги оценува квалитетите на вработените, фокусирајќи се на нивниот придонес во тимската работа која е одлика на раководењето на органот. Успешно раководи со училиштето, иницира и донесува одговорни одлуки во полза на современиот образовен систем. Целосно е посветен на јасно поставени приоритети во развојниот план преку ефективна и конкретна Самоевалуција, а како цел на своето работење им дава приоритет на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес во училиштето. Директорот има професионален однос кон работата, добра комуникација со вработените и се грижи за нивниот професионален развој. Работи на подобрување на стандардите и промовирање на личниот развој на учениците. Преку ангажирање на поголем број на субјекти во училиштето настојува да го подигне квалитетот на наставата. Воспоставува соработка во непосредната и пошироката заедница, вклучувајќи партнерства и со други училишта од државата и надвор од неа.

## 7.2 Цели и креирање на училишната политика

Целите поставени во Програмата за развој на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставниот процес и постигнувањата на учениците. Вработените, родителите и учениците земаат учество во креирањето на развојните политики на училиштето. Училиштето работи на поголема вклученост на сите субјекти во креирањето и остварувањето на мисијата и визијата на училиштето. Училиштето преку одредена процедура ја креира училишната политика. Постојано го подобрува квалитетот на политиките насочени кон унапредување на квалитетот на работењето на училиштето, вклучувањето на учениците со посебни образовни потреби во сите активности во училиштето, меѓуетничата интеграција во образованието и граѓански активизам. Во континуитет работи на намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство и еднаков пристап до квалитетно образование. Училиштето има Акционен план за следење на остварувањата на резултатите од дефинираните цели и План за следење и евалуација и Индикатори за остварување на резултатите од поставените цели. Работи на информирање на наставниците, учениците и родителите,преку училишниот весник,својата веб страна за резултатите кои треба да се постигнат и временскиот период во кој треба да се реализираат.

# Наоди и препораки

## Силни страни

- Постојана ангажираност на училиштето во подобрување на условите за работа и создавање на еднакви можности за еднакво вклучување на учениците во воспитно-образовниот процес.
- Постои координирана и континуирана соработка меѓу Училишниот одбор и раководниот тим на училиштето.
- Училиштето има партнерски однос со локалната заедница, невладини организации и други институции.
- Партнерски однос на директорот со сите вработени во училиштето.
- Постои добра соработка со дијаспората и иселениците од овој крај.

## Слаби страни

- Нема фискултурната сала.
- Во училиштето не се обезбедени посебни услови за помош и поддршка на ученици со телесни пречки во развојот.
- Некомплетна стручна стручна служба во училиштето.
- Нема хидрант во училиштето.

## Препораки

- Во соработка со основачот да се направат напори за изградба на фискултурната сала
- Училиштето да го доуреди пристапот, ангажира и обезбеди соодветни услови и кадар за помош и поддршка на ученици со телесни пречки во развојот.
- Да се направи напор да се докомплетира стручната служба во училиштето.
- Да се обезбеди хидрант во училиштето.

| | |
|---|---|
| Џемо Демироски, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Бошко Стефаноски, Инспектор | |
| Славица Крстеска, Инспектор | С.Крстеска |